**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-4
07.09.2020
Гевгелија

| | |
|---|---|
| **СОУУД „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ СТРУМИЦА** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27,28,29.01.2020 година |
| **Број на извештај:** | Бр.1 /Југоисточен регион/2020 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Ружа Стојанова |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно |
| **Подрачни училишта** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Струмица |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 771 |
| **Полова структура на ученици:** | 245 машки и 526 женски |
| **Број на наставници:** | 68 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Љубица Спасова |
| **Директор на училиштето:** | Димитар Ѓорѓев |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 21,22,23.12.2016 година. |
| **Адреса на училиштето:** | Ул:„Гоце Делчев“ бр.17 Струмица |
| **Телефон:** | 034 323 811 |
| **Факс:** | 034 345 298 |
| **e-mail:** | dimitarvlahov@mt.net.mk |
| **Оценка ИЕ** | Добар 3,10 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласност со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција во периодот од 27 до 29.01.2020 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работењето на СОУУД „Димитар Влахов“ Струмица

За време на тридневниот надзор инспекторите успееја да ги спроведат сите планирани активности предвидени во Прирачникот за вршење на интегрална евалуација.

Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано основното образование.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СОУУД „Димитар Влахов“ е **добро**[1] **3,10**.

Наставата во СОУУД „Димитар Влахов се реализира во согласност со наставните планови и програми за: Земјоделско-ветеринарна струка со образовните профили:техничар за фармерско производство, техничар за хортикултура, лозаро-винарски техничар. Хемиско –технолошка струка со образовниот профил: прехрамбен техничар. Здравствената струка со образовните профили: фармацевтско-лабораториски техничар, медицинска сестра, физиотерапевтски техничар. Прехрамбената струка трет степен со образовниот профил: преработувач на жито,брашно и шеќер, донесени од Министерот за образование и наука и насоките од Центар за стручно образование и обука.

Со Решение за изменување на решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од **Земјоделско –ветеринарната струка** бр.13-6552/1 од 11.06.2019 година, донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија, извршена е промена во наставните планови и програми и називите на образовната струка и профили во **Земјоделство, рибарство и ветеринарство** со образовните профили -Агротехничар, Техничар за фитомедицина, Техничар за агроменаџмент.

Со Решение за изменување на решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од **Хемиско-технолошката струка** бр.13-6554/1 од 11.06.2019 година, донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија, извршена е промена во наставните планови и програми и називите на образовната струка и профили во **Хемија и технологија** со образовните профили-Прехрамбен техничар -Пекар (тригодишно образование )

Со Решение за изменување на решението за донесување на наставни планови за реформирано техничко образование од **Здравствената струка** бр.13-6556/1 од 11.06.2019 година, донесен од Министерот за образование и наука на Република Северна Македонија, извршена е промена во наставните планови и програми и називите на образовната струка и профили во **Здравство и социјална заштита** со образовните профили-Фармацевтски техничар, медицинска сестра, физиотерапевски техничар.

Оваа учебна 2019/20 година реформата се однесува **само на прва година** стручно образование.

Воспитно-образовната работа во Ученичкиот дом се организира согласно планот и програмата за воспитно-образовната дејност во ученичките домови.

.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Наставните Планови и Програми се реализираат од страна на училиштето.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.

Својата воспитно образовна работа наставниците ја планираат, а реализирањето на истата во текот на учебната година се следи од директорот,помошен директор, педагогот и психологот на училиштето.

Покрај задолжителната настава во училиштето се реализира: слободни часови, професионална пракса, практична настава и феријална пракса. Истите се реализираат согласно Годишната програма и јавно истакнатите распореди во училиштето и за кои има уредни договори со компании, фирми и претпријатија.

Планирана е и се реализира додатната и дополнителната настава и програма за образование на животни вештини.

На класниот час од прва до шетврта година се реализира програмата за образование на животни вештини (ОЖВ).

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето за 2019 /20 година е и програмата „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“. каде е имплементирано интегрираното планирање во наставата на еко – содржини од четирите еко стандарди. Има изработено програма за работа и реализира самостојни еколошки активности во училиштето и наставни содржини на класниот час преку програмата на образование на животни вештини (ОЖВ

Училиштето е вклучено во „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“.

Во наставните предмети не се имплементирани содржини од меѓуетничката интеграција на образованието и училиштето ќе има за задача во наредниот период да ги имплементира истите во наставните предмети кои ги изучуваат учениците. Училиштето успешно соработува со збратименото училиште СОУ „Моше Пијаде “ Тетово реализирани се низа заеднички активности во повеќе области (ликовни, спортски, културно-забавни).

Наставниот процес во училиштето го изведуваат 68 наставници со соодветна стручна подготовка, училиштен педагог, психолог,дефектолог, библиотекар, помошен директор, социјален работник и директор. Во училиштето не постои родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Задолжителната и изборната настава се реализира по обем и динамика, согласно наставните планови и програми.

Процедурата при избор на изборните предмети, е во склад со интересите и афинитетите на учениците.

Училиштето спроведува транспарентна постапката за изборни наставни предмети, подрачја, која се врши преку анкетирање на учениците, а се зема во предвид и мислењето на родителите.

Анкетирањето се врши во месец мај, а на истото претходи информирање од страна на стручната служба и класните раководители, за изборните предмети и проодноста на истите за понатамошно високо образование на учениците.

Јасната процедура при избор на изборните предмети, е во склад со интересите, афинитетите на учениците, без разлика на полот, социјалниот статус, и сите други различности.

За учениците со посебни потреби кои се вклучени во редовната настава, училиштето има формирано инклузивен тим од осум члена и програма за работа на инклузивниот тим (дел.бр.02-319/3 од 27.04.2017година) во која се вклучени стручната служба и наставници. За учениците со посебни образовни потреби училиштето има изработено индивидуални образовни планови (ИОП). Училиштето нема формирано индивидуални инклузивни тимови во кои покрај стручниот тим, класниот раководител ќе биде вклучен и родителот на ученикот со посебни образовни потреби за изработка на индивидуалниот образовен план.

Во состав на Годишната програма на училиштето се и превентивните програми кои третираат сензитивни актуелни проблематики детектирани кај учениците и социо-емоционалната клима на училиштето.

Планирана е едукативна програма за информирање и превенирање на негативно однесување поврзано со злоупотреба на дрога и алкохол и подигнување на свеста за штетите и последиците од таквото однесување.

Училиштето има регистрирано училиштен спортски клуб „Олимпик-Димитар Влахов“ Струмица кој не работи активно.

Постигањата на учениците во училиштето се добри.

За постигнатите резултати на учениците училиштето навремено, изготвува извештаи, споредбени анализи, информации. Се вршат анализи и истражувања (*хоризонтално и вертикално*) уште при самиот упис на учениците, при премин од еден во друг клас, период, ниво на образование.

Средниот успех на учениците во последните три учебни години изнесува: за учебната 2016/2017 година среден успех на учениците е 3,43. За учебната 2017/2018 година средниот успех е 3,41 и за учебната 2018/2019 година средниот успех е 3,48.

Во учебните 2016/17, 2017/2018, 2018/19 год. учениците имаат учествувано на регионални, државни и меѓународни натпревари и имаат освоено многу награди, признанија и пофалници.

Позитивната - емоционална социјална, искрена атмосфера во училиштето, ги поттикнува, охрабрува и вклучува учениците во сите области на училишните активности, промовирајќи еднакви можности за сите ученици.

Во учебната 2016/17 година направени се 51 изостаноци, просечно по ученик. Во учебната 2017/18 год. направени се 39 изостаноци, просечно по ученик, а во учебната 2018/19 год. направени се 43 изостаноци просечно по ученик. Иако училиштето превзема активности за намалување на вкупните изостаноци, немоќни се пред фактот што одредени семејства се отселуваат од земјата.

Во последните три учебни години се остварени 175 советувања на родители, по основ на намален успех и советувања за нередовно посетување на наставата

Во последните три години 19 ученици го повторувале одделението.

За реализација на наставните планови и програми наставниците имаат изработено долгорочни планирања (годишно планирање), среднорочни планирања (тематски, тематско-процесни и сл.) и краткорочни (оперативни планови за наставен час).кои се меѓусебно поврзани и со вградени содржини од подрачјата кои се од посебен инстерес за образованието, ЕКО содржини, користење на ИКТ во наставата и др.Освен за задолжителната настава, наставниците изготвуваат и планирања за дополнителната и додатната настава, класниот час, слободните часови, професионалната пракса, практичната настава.

Поголем број наставници во наставниот процес користат различни ресурси и разновидни наставни форми (индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка), методи и техники на интерактивна настава.

Поголем број наставници ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците при што поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на учениците.

Наставниците во комуникацијата со учениците се однесуваат на начин што покажува прифаќање , почитување, соработка, толеранција, разбирање и доверба.

Наставните форми и методи (вклучувајќи ја употребата на ИКТ во наставата) што ги користат наставниците, соодветствуваат на потребите на учениците..Наставниците работат со учениците индивидуално, во група или со цела паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани.

Поголем број наставници ги поттикнуваат учениците да одговараат и да поставуваат суштински прашања поврзани со целите на наставната содржина, да превземат

иницијатива, да ги споделат сопствените идеи, искуства, погледи во однос на содржината која се изучува.

Поголем број од наставниците користат информатичко комуникациска технологија во наставата. Кај поголем број наставници се создава пријатно чувство и атмосФера за работа, позитивна работна атмосФера која продуцира успешна интеракција меѓу наставниците и учениците.

Поголем број наставници користат различни методи и инструменти за оценување (метод на набљудување, односно секојдневно следење на постигањата на учениците, разговор, тестови, контролни задачи, писмени работи, извештаи, портфолио, чек листи) и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.

Училиштето има поставено реални, критериуми при оценувањето – вреднувањето на постигањата на учениците. Поголем број од наставниците прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и повратна информација на родителите и учениците за оценката .Има мал дел од наставници кои не се придржуваат на овие начела.

Просторните услови и опременоста во училиштето ги задоволуваат основните, неопходни услови за реализација на воспитно – образовната работа. Училниците, ходниците, дворната површина, опкружувањето и се друго се безбедни, а ризикот од повреди на учениците е минимален. Хигиената во сите училишни простории е на задоволително ниво. Техничкиот персонал коректно си ги извршува работните задачи.

Во ученичкиот дом просторните услови не ги задоволуваат основните услови за престој според големиот број на ученици кои престојуваат таму. Во секоја соба сместени се по 7 ученика во многу мала квадратура. Кујната, трепезаријата, ходниците и дворот се безбедни, ризикот од повреди е минимален.

` За изведување на воспитно-образовниот процес училиштето располага со 22 училници, 7 кабинети 4 лабаратории и 6 административни простории, библиотека, просторија за техничкиот персонал и други помошни простории. Училиштето на друга локација располага и со училишен дом во кој престојуваат 93 ученика од трите средни општински училишта во Струмица.Во училишниот дом работат тројца воспитувачи и друг техничко помошен персонал.Има 6 противпожарни апарати и два хидранта.Просторните услови во домот се мали за да ги примат сите заинтересирани ученици за сместување во оваа институција.

Спортската сала е со стандардни димензии и површина од 1311 $м^2$. Во неа има простории за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, санитарни јазли.

Училишниот двор има мултифункционален спортски терени за мал фудбал ракомет и кошарка.

Училиштето располага со училишна земјоделска економија поврзана со земјоделско-фармерската струка. Училиштето располага со земјоделско земјиште со површина од 20ha три трактори од понов датум со приклучна механизација од секаков вид, две гаражи и простор 400 $м^2$ од кои се изнајмува на приватна компанија.

Целокупната клима во училиштето е добра и истата е предуслов за квалитетно одвивање на воспитно образовниот процес и подобри постигања на учениците.

Најголемиот број од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците и најголемиот дел од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето.

Училиштето води политика на взаемо почитување и рамноправност.

Постои добра комуникација помеѓу вработените во училиштето со што се согласни најголемиот број од наставниците, стручната служба и истите се грижат за безбедноста здравјето и срекота на ученците. Односите помегу наставниците, стручната служба и раководниот орган се добри.

Училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење, а вработените се запознаени со финансиските активности на училиштето. Постои висок степен на транспарентност во планирањето и

трошењето на средствата. При спроведувањето на набавките се почитуваат одредбите од законот за јавните набавки. Училиштето обезбедува финансиски средства и од сопствени приходи.

Работењето на Училишниот одбор е добро. Училишниот одбор ги извршува своите статутарни надлежности и превзема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување .За донесените одлуки се информирани вработените, преку објавување на огласна табла.

Раководниот орган во својот период на раководење превзема активности за подобрување на условите за работа во училиштето.

Своето работење го темели на тимска работа со вклучување на поголем дел од вработените. Има поддршка кај најголемиот број од наставниците, стручните соработници, родителите, учениците и локалната заедница.

Училиштето активно соработува со Локалната самоуправа од која добива финасиска поддршка и на тој начин ја подобрува инфраструктурата на училишната зграда.

Дејноста што ја обавува училиштето е верифицирана со решение од страна на Министерот за образование и наука и тоа:

Земјоделско-ветеринарната струка, техничар за фармерско производство и техничар за хотикултура и хемиско-технолошката струка прехрамбен техничар е верифицирана со решение бр. 11-2464/2 од 05.06.2006 година.Со решение бр.11-2727/4 од 20.06.2011 година Земјоделско-ветиринарната струка лозаро-винарски техничар. Со решение бр.11-2054/4 од 07.06.1996 година прехрамбената струка трет степен преработувач на жито, брашно и шеќер..Со решение бр.09-3191/1 од 01.06.2005 година Здравствената струка - фармацевтски-лабораториски техничар. Со решение бр.11-2464/2 од 05.06.2006 година - медицинска сестра. Со решение бр.11-4386/2 од 12.06.2007 година -физиотерапевтски техничар.

Од 06.03.2006 година со решение бр.Срег 40/06 училиштето е регистрирано како СОУ „Димитар Влахов “ Струмица..

Училиштето е запишано во централниот регистар на средни училишта во Министерството за образование и наука и регистарот на средни училишта што го води општината за своето подрачје.

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа за учебна 2019 /20 година и истата е утврдена на состанок на Училишен одбор заведена под бр 01-740/1 од 30.08.2019 година и усвоена од Советот на општина Струмица, со Одлука бр. 08-7300/1 од 26.09.2019 година

Изработен е документ Самоевалуација со дел.бр. 09-741/3 од 30.08.2019 година за периодот од 2019 - 2021 год.

Во Програма за развој (*дел. Бр.09-741/1 од 30.08.2019 година*), за период 2019 до 2023 година ,дадени се точките за развој кој се базираат на извршената самоевалуација и предходната интегрална евалуација на училиштето.

Од 06.03.2006 година со решение бр.Срег 40/06 училиштето е регистрирано како СОУ „Димитар Влахов Струмица, а од 30.09.2014 година училиштето има извршено пререгистрација од СОУ во СОУДГ „Димитар Влахов“ Струмица т.е. како средно општинско училиштето со училишен дом.

Постојниот Статут на училиштето е од 15.04.2014 година под бр.01-301/1. и решение од МОН 03-155/1 од 18.04.2014 година.

Училиштето е запишано под бр.30820140002155 во централниот регистар на средни училишта во Министерството за образование и наука и регистарот на средни училишта што го води општината за своето подрачје.